

**БИОГРАФИЈА**

**АДЕЛАИД КАРИШИЌ**

**ЧЛЕН НА НО НА МЖ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ**

Аделаид Каришиќ е роден 1989 година во с. Лажани, Прилеп, каде што ги завршил основното и средното образование. Високо образование завршил на Факултетот за Економски и административни науки при Интернационалниот Балкански универзитет – Скопје, каде по дипломирањето се стекнал со звање Дипломиран Менаџер на јавна администрација.

Вработен е во МСА Компани Скопје, каде од 2017 година е на работната позиција Менаџер на продажба. Од 2009 година до денес е редовен активист во невладини организации поврзани со афирмацијата на Бошњаците во Македонија. Основач е на невладината организација Шадрван. Претседател е на првиот Бошњачки истражувачки центар – Лилиум Босниакум Скопје. Учесник е на обуки организирани од ОБСЕ за подготвување на предлог проекти и Финанце Тинк од областа на економија и финансии. Учествувал на национални и меѓународни студентски конференции, а учествувал и на бројни дебати од јавен карактер.

Во 2017 годна е избран за Член на Надзорниот Одбор на Македонски Железници Транспорт АД-Скопје.

**БИОГРАФИЈА**



**АЛЕКСАНДАР РАНЃЕЛОВИЌ**

**ЧЛЕН НА НО НА МЖ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ**

Александар Ранѓеловиќ е роден 1966 година во Владичин Хан, Р. Србија. Основното образование го завршил во Скопје, а средното образование го завршил во Велес каде се школувал во Средното Стручно Општинско Училиште „Коле Неделковски“, со што се стекнал со звање Елекро-енергетичар, Специјалист за електрични постројки.

Своето работно искуство го започнува во 1986 година како Пожарникар во ЖТОСкопје (Железничка Транспортна Организација под Југословенски Железници). Од 2001 година работи како Безбедносен работник во Јавното Претпријатие Македонски Железници, а од 2006 година е назначен за Командир на безбедносни работници во Македонски Железници Транспорт АД-Скопје.

Од 2015 година е Повереник во Претседателство на СО на вработени во Подружница влеча на возови при Македонски Железници Транспорт АД-Скопје. Од 2018 годна е Член на НО на Македонски Железници Транспорт АД-Скопје.

Посетувал бројни семинари и обуки, каде се стекнал со следните сертификати:

- Сертификат за извршена обука за основни вештини по информатичка технологија, издадено од INOVATION - Друштво за нови иновативни технологии, Скопје, 2008;
- Сертификат за менаџер за приватно обезбедување, издадено од Комора на РМ за приватно обезбедување, Скопје, 2014;
- Сертификат за теорија и концепт на компаративна безбедност, издадено од Комора на РМ за приватно обезбедување, Скопје, 2015;
- Сертификат за методи за детекција на лаги, превенција, раководење и истражување од областа на приватната безбедност, издадено од Комора на РМ за приватно обезбедување, Скопје и Меѓународно криминалистичко здружение од Загреб, Р. Хрватска, 2016.



**БИОГРАФИЈА**

**АТАНАС ЧУРЛИНОВ**

**ЧЛЕН НА НО НА МЖ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ**

Атанас Чурлинов е роден 1981 година во Гевгелија, каде што завршил основно и средно образование. Високо образование завршил на Економскиот Факултет во Скопје, деп. Надворешна трговија, каде се стекнал со звањето Дипломиран економист.

Своето работно искуство го започнал во 2005 година, кога се вработил во казиното Фламинго во Гевгелија, каде што работи и денес, на работното место Финансиски сметководител. Присуствувал на бројни, семинари, обуки и курсеви од областа на финансии и сметководство.

Од 2017 годна е Член на Надзорниот Одбор на Македонски Железници Транспорт АД-Скопје.

**БИОГРАФИЈА**

**БИЛЈАНА МЛАДЕНОВСКА**

**ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР**

**НА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ**

Име и презиме: Билјана Младеновска

Родена: 19.06.1982

Адреса: Август Цезарец 3/15, Скопје

Образование: Дипломиран социјален работник, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје

Странски јазик: Англиски

Е-маил: biljance882@yahoo.com

Работно искуство:

2004 – 2006 – НГО Хопс, проектен асистент

2006 – 2008 – Општина Дојран, проектен асистент, канцеларија за Локален економски развој и туризам

2008 – 2010 – НГО Степ бај Степ, проектен асистент, логистичка поддршка

2010 – 2011 – Општина Дојран, Проектен координатор, канцеларија за Локален економски развој и туризам

2012 – 2018 - НГО Профицио, претседател

Други активности:

Компјутерски вештини: Работа со Internet, Microsoft Office, Microsoft Word

Едукација и обуки:

Јуни 2015 – СИГН – академија за одржливост

Ноември 2015 – Мониторинг на буџетска транспарентност и отчетност – УСАИД

Јуни 2016 - Обука за организациски развој - ТАКСО

Јуни 2016 - Обука за стекнување тактички вештини (интернет и активизам, односи со јавност) – УСАИД

Октомври 2016 - Развој на претприемништво на жени – КОНЕКТ



**БИОГРАФИЈА**

**ФАРУК МУРАТИ**

**ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР**

**НА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ**

Фарук Мурати е роден 1983 година во Тетово, Р. Македонија. Основното образование го завршил во Тетово, а средното образование во Средното Економско Училиште „8 Септември“ - Тетово. Високото образование го завршил на Економскиот факултет при Универзитетот во Тетово, со што се стекнал со звањето Дипломиран Економист. Во тек е со магистерските студии на Економскиот факултет, насока Маркетинг – Менаџмент.

Од 2009 година до денес е вработен во Универзитет во Тетово како Раководител на Централната Архива на Универзитет во Тетово. Во периодот 2016 – 2017 година бил член на Управен одбор на ЈП Агро Берза.

Од 2018 година е член на Надзорниот Одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје.

Посетувал бројни семинари и обуки и се стекнал со неколку сертификати:

- Сертификат за учество на конференцијата под наслов „The OSCE and it’s role in South East Europe“;
- Сертификат од Европскиот Центар CH7, за успешна работа со тема „Европа, јас и ти“
- Сертификат од USAID за завршување на обука за подготовка на CV, мотивационо писмо и интервјуирање.